Шаховска Федерација на Македонија
Chess Federation of Macedonia
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

08.09.2024 година

Одлуки од Четвртата седница на УО

УО на ШФМ, на 04.09.2024 година ја одржа својата Четврта седница.

На седницата беа разгледувани следниве точки:

1. **Усвојување на записникот од Третата седница на УО**
2. **Одлагање на правното дејство на одлуката за котизации на активните судии за од 01.01.2025**
3. **Разгледување и дефинирање на активностите по повод гостувањето на Џери Неш,**
   Претседател на Комисијата за образование во ФИДЕ,
4. **Статус со организација на Европското Првенство во Блиц, Рапид и Рандом шах, како и активностите пред поаѓање на Репрезентацијата на Олимпијада во Будимпешта**
5. **Информација од комисијата за рангирање по повод итното барање од Министерството за Спорт.**
6. **Разгледување на извештајот од Првата Лига за не спортските настапи со нецелосни состави на неколку клубови**
7. **Разгледување на обидот од страна на Тони Кироски (инаку претседател на два**
   Прилепски клуба кои настапија во првата лига) за нанесување финансиска штета на
   ШФМ како и нарушување на угледот на ШФМ со неговото однесување и претставување кај овластените лица од хотел Сириус.
8. **Исплата на судиските трошоци**
9. **Разно**
   9.1. Хонорари за Олимпијада
   9.2. Оставка на Рејтинг Офицер
   9.3. Магацински простор
   9.4. Хонорари за членови на УО

Шаховска Федерација на Македонија
Chess Federation of Macedonia
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

Управниот одбор ги донесе следниве одлуки:

1. Усвојување на записникот од Третата седница на УО
   Едногласно беше усвоен записникот од Третата седница на УО одржана на 19.05.2024 година.

2. **Одлагање на правното дејство на одлуката за котизации на активните судии за од 01.01.2025**
   На гласење беше ставен предлогот:
   Се одлага правното дејство на одлуката за регистрација на активните судии, новиот рок за регистрација е 01.01.2025 со краен рок на плаќање на регистрација до 31.01.2025. ШФМ нема да ги рејтингува турнирите каде што главен судија е судија кој нема платено котизација во ШФМ.

   Предлогот е едногласно усвоен.

3. **Разгледување и дефинирање на активностите по повод гостувањето на Џери Неш, Претседател на Комисијата за образование во ФИДЕ**
   Заклучок:
   Договор до петок да се направи агенда за во понеделник да се прати на Џери Неш.

4. **Статус со организација на Европското Првенство во Блиц, Рапид и Рандом шах, како и активностите пред поаѓање на Репрезентацијата на Олимпијада во Будимпешта**
   Заклучок: Да се обидеме да го договориме Борко да дојде петок на камп обврска на Саша Богдановиќ краен рок 05.09.
   Да се обидеме да добиеме одговор за финансирање на Европско до 15.09.

5. **Информација од комисијата за рангирање по повод итното барање од Министерството за Спорт.**
   Заклучок: Сите членови на УО се согласија со ова рангирање.

6. **Разгледување на извештајот од Првата Лига за не спортските настапи со нецелосни состави на неколку клубови**
   На гласање се стави предлогот:

   УО се согласи дека на првата лига е констатирано неспортско однесување од

Шаховска Федерација на Македонија
Chess Federation of Macedonia
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

страна на ШК Пелагон и истото го осудува затоа што намерно на две табли на најмалку три меча става играчи кои воопшто не се во Македонија во времето на одржување на лигата.

Да се даде случајот од мечот од последното коло помеѓу ШК Прилеп и ШК Ан Пасан на дисциплинска комисија да обезбеди дополнителни информации за мечот и неспортското однесување.

Да му се забрани Симон Пазевски член на Женскиот Шаховски Клуб Прилеп да игра на рејтингувани турнири на територијата на Македонија во период од три години заради недолично однесување.
Предлогот е едногласно усвоен.

7. **Разгледување на обидот од страна на Тони Кироски (инаку претседател на два Прилепски клуба кои настапија во првата лига) за нанесување финансиска штета на ШФМ како и нарушување на угледот на ШФМ со неговото однесување и претставување кај овластените лица од хотел Сириус.**
   На гласање се става предлогот:
   Заради извршен повреда на угледот на ШФМ и обид за нанесување на финансиска штета согласно Член 16 од Статутот на ШФМ УО донесува одлука за забрана за вршење на јавна функција во ШФМ, или овластено лице на клуб во период од три години за Тони Кироски.
   За јавна функција и овластено лице во ШФМ се смета: претседател на клуб, делегат на Собрание, судија на рејтингувани шаховски турнир.

   Предлогот е едногласно усвоен.

8. **Исплата на судиските трошоци**
   На гласање се става предлогот:
   Сите долгови на ШФМ спрема судиите ќе се исплаќаат согласно хронолошкиот редослед на одржување на турнирите.

   Предлогот е едногласно усвоен.

9. **Разно**
   9.1. Хонорари за Олимпијада

   На гласање беше ставен предлогот:

   Хонорарите на репрезентативците да бидат исплатени согласно следнава

Шаховска Федерација на Македонија
Chess Federation of Macedonia
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

табела:

мажи	**жени**	**Хонорар ОИ (евра)**
>2600	>2400	1300
2550-2599	2350-2399	1100
2500-2549	2300-2349	950
2450-2499	2250-2299	800
2400-2449	2200-2249	650
2350-2399	2150-2199	550
2300-2349	2100-2149	450
<2300	<2100	400
Селектор		900
Дополнителна финансиска награда за ВМ		100

Да биде предвиден и бонус по играч и тоа:
- доколку репрезентацијата е пласирана од 10 до 20 места погоре од почетниот рејтинг секој играч да добие по 100 евра дополнително како бонус
- доколку репрезентацијата е пласирана од 20 до 30 места погоре од почетниот рејтинг секој играч да добие по 250 евра дополнително како бонус
- доколку репрезентацијата е пласирана повеќе од 30 места погоре од почетниот рејтинг секој играч да добие по 400 евра дополнително како бонус

Да биде обезбедно патничко осигурување за учесниците на Олимпијадата.

Предлогот е едногласно усвоен.

9.2. Оставка на Рејтинг Офицер

На гласање беше ставен предлогот:
Зоран Илиќ да биде рејтинг офицер и претседател на Судиска комисија.
Предлогот е едногласно усвоен.

9.3. Магацински простор

На гласање беше ставен предлогот:

Шаховска Федерација на Македонија
Chess Federation of Macedonia
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

Да се одобри буџет од 400 евра годишно за изнајмување на просторот за складирање.

Предлогот е едногласно усвоен.

9.4. Хонорари за членови на УО

На гласање беше ставен предлогот:
Членови на УО кои не се од местото каде што се одржува седницата а се физички присутни да добијат дневница од 3000 денари.

Предлогот е едногласно усвоен.

08.09.2024
Скопје

Шаховска Федерација на Македонија
Секретар на УО
Александра Гакидова